# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 23 Јули 2007 година<br>Службен гласник број 14<br>Овој примерок чини 10 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Трезорска см. при НБРМ 100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп 756014065763013 |
|---|---|---|

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈАТА, ДЕЛОКРУГОТ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП БР.07-1215/2 ОД 05.07.2005 Г.**

1. Одлуката за измени и дополненија на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Прилеп бр.07-1215/2 од 05.07.2005 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1674/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
23.07.2007 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 57 став 4 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 26 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на 11.07.2007 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за Измени и дополненија на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Прилеп бр.07-1215/2 од 05.07.2005 г.**

чл.1

Со оваа Одлука се вршат измени и дополненија на Одлуката за организацијата , делокругот и начинот на извршување на задачите на Општинската администрација на Општина Прилеп бр.07-1215 од 05.07.2005 г. донесена од страна на Советот на Општина Прилеп.

чл.2

Содржината-текстот од **Точката-Ѓ , чл.23** од Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Прилеп бр.07-1215/2 од 05.07.2005 г. **се брише.**

чл.3

**Точката-Ѓ** од Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Прилеп бр.07-1215/2 од 05.07.2005 г. **гласи :**
**" Ѓ-Одделение за внатрешна ревизија " .**

чл.4

**Членот 23 од** Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Прилеп бр.07-1215/2 од 05.07.2005 г. **гласи :**

**" - врши внатрешна ревизија , согласно на закон и системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од Општината согласно на меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии ;**

**- подготвува годишен план за внатрешна ревизија и по одобрувањето од Градоначалникот на Општината , го обезбедува неговото спроведување и следење ;**

**- доставува извештаи за извршената внатрешна ревизија до Градоначалникот и Советот на Општината ;**

**- подготвува квартални и годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија ;**

**- врши оценување на значајните фактори на ризик и давање совети на Градоначалникот на Општината за намалување на факторите на ризик ;**

**-**

**врз основа на анализи на работењето , ја утврдува и оценува економичноста , ефикасноста и ефективноста во работењето на системите за финансиско управување и контрола и дава препораки за подобрување на работењето на општинската администрација ;**

**- ја следи и проверува точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи ;**

**- ја утврдува и оценува усогласеноста на работењето на законите , подзаконските и актите на органите на општината."**

чл.5

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Прилеп" **, а ќе се објави по добиеното Мислење од Агенцијата за државни службеници на РМ.**

Број 07 - 1614/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
11.07.2007 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стеванаџија

**Одлука со добиено мислење од Агенција за државни службеници број 07- 10374/2 од 17.07.2007 година.**

## *С О Д Р Ж И Н А*

*на “Службен гласник на Општина Прилеп”*
*број 14 од 23.07.2007 година*

1.Одлука за измени и дополненија на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Прилеп, број 07 – 1215/2 од 05.07.2005 година..................................................................................**Стр. 1**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.